РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-1138/1
18-08-2025 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 21-вата седница одржана на 15.08.2025 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот со број 12-2165/1 од 14.08.2024 година, оформен по доставена пријава со наводи за неправилности во постапки за унапредување на административни службеници во Општина ///, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека наводите од пријавата не се потврдуваат и нема елементи за натамошно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со број 12-2165/1 од 14.08.2024 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 14.08.2024 година, поднесена е пријава со наводи за неправилности во постапки за унапредување на административни службеници во Општина /// и оформен е предмет број 12-2165/1 од 14.08.2024 година.

Дел од наводите во пријавата се однесуваат на сомнежи за фаворизирање на службено лице во постапка за унапредување. Според наведеното во пријавата, службеното лице ///, во 2021 година било распоредено на работното место раководител на Одделението за /// на Општина ///, и покрај тоа што не го исполнувало условот за образование за ова работно место, бидејќи имало завршено /// факултет. Дополнително, лицето, и покрај тоа што нема соодветно образование, било претседател на Комисијата за /// на Општина ///.

Наводно, ова лице од градоначалникот на Општина /// имало добиено овластување за извршување на задачи на работното место помошник-раководител на Секторот за /// за кое работно место во Систематизацијата на работни места на Општина /// како услов за образование било утврдено завршено високо образование од областа на правните или политичките науки. Според наведеното во пријавата, со намера ова лице да биде унапредено на позицијата помошник-раководител на овој Сектор, била извршена промена на условот за образование во Систематизацијата, по што, како услов за образование било утврдено завршено високо образование од областа на општествените науки.
Дополнително, во пријавата се изнесени наводи дека службеното лице кое било фаворизирано во постапка за унапредување, било член на Комисијата за унапредување, и од оваа позиција овозможило на работното место /// да биде унапреден негов колега со кој е во близок пријателски однос, кој наводно исто така не го исполнувал условот за образование на работното место на кое бил унапреден.

Со цел проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барања за доставување податоци и информации до Државниот управен инспекторат и до Општина ///.

Од увидот во податоците, информациите и документацијата доставени на барање на ДКСК, утврдена е следната фактичка состојба:
По анонимен поднесок со содржина која е истоветна со содржината на пријавата доставена до ДКСК, кој бил доставен и до Државниот инспекторат за труд, од каде бил проследен до Државниот управен инспекторат, Државниот управен инспекторат постапувал во текот на септември 2024 година, кога над субјектот Општина /// извршил вонреден инспекциски надзор. При вонредниот инспекциски надзор бил извршен увид во Правилникот за систематизација на работни места во општинската администрација на Општината од 04.05.2018 година, во Правилникот за изменување на Правилникот за систематизација на работни места во општинската администрација од 11.05.2022 година, како и во целокупната документација за предметното вработување и персоналното досие на вработениот службеник ///.

Во Записникот од извршениот вонреден инспекциски надзор /// од /// година била утврдена следната фактичка состојба:

Со Решение бр./// од /// година за мобилност преку распоредување во истиот орган на друго работно место во исто ниво, административниот службеник ///, распоредена на работното место /// – раководител на Одделение за /// во Секторот за /// во состав на општинската администрација на Општина ///, била прераспоредена на работното место /// – раководител на Одделение за /// на Општина ///.
Со Решение бр./// од /// година донесено од градоначалникот на Општина ///, административниот службеник ///, распоредена на работното место /// – раководител на Одделение за ///, била задолжена дополнително да извршува работи и работни задачи од работното место /// – помошник-раководител на Секторот за ///.

Во Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на Општина /// (бр./// од /// година), за работното место со шифра /// – помошник-раководител на Секторот за ///, условот за образование бил утврден како „правни или политички науки". Во 2024 година Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на Општина /// бил изменет. Со Правилникот за измена на Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на Општина /// (бр./// од /// година), за работното место /// – помошник-раководител на Секторот за ///, условот за образование бил променет – наместо дотогашниот услов „правни или политички науки", бил утврден условот „општествени науки". За Правилникот за измена на Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на Општина /// (бр./// од /// година) Општина /// имала обезбедно писмена согласност од Министерството за информатичко општество и администрација (бр./// од /// година).
Во Записникот од извршениот вонреден инспекциски надзор /// од /// година е содржана информација дека Основното јавно обвинителство ///, постапувајќи по оформен предмет, во 2024 година има побарано да се направи увид во Општина /// за сите вработувања на определено и неопределено работно време за последните пет години и увид во сите лични досиеја, на сите лица кои биле вработени во Општината во последните 5 години. Документите од персоналното досие на службеното лице опфатено со предметниот случај биле доставени на увид на обвинителството.

Видно од одговорот на Општина /// на барањето на ДКСК, службеното лице /// заклучно со мај 2025 година не била распоредена на работното место помошник-раководител на Секторот за ///, ниту била унапредена.

Во однос на наводите за унапредување на работното место /// на службено лице кое не го исполнувало условот за образование за ова работно место, во Записникот од извршен вонреден инспекциски надзор /// од /// година на Државниот управен инспекторат е утврдено дека во постапка по објавен интерен оглас бр./// за унапредување на административен службеник за работното место /// во Одделението за /// на Општина /// на Секторот за ///, по номинирање на член на Комисијата за селекција за унапредување формирана со Решение од ///, истата составила Записник од административна селекција за интерен оглас и Ранг-листа на кандидати кои продолжуваат на интервју, двете од /// година, по што, на /// година била донесена Одлука бр./// од /// година, за избор на кандидатот ///, по што на ///година е донесено Решение за унапредување на овој административен службеник, од работното место /// – соработник за /// на работното место /// – советник за ///.

Врз основа на вака утврдената фактичка состојба, во Записникот од извршениот вонреден инспекциски надзор /// од /// година на Државниот управен инспекторат било констатирано дека не се утврдени неправилности.

Имајќи го предвид горенаведеното, ДКСК утврди дека наводите од пријавата кои се однесуваат на сомнежи за фаворизирање на службено лице во постапка за унапредување, како и наводите од пријава кои се однесуваат на сомнежи за овозможување на унапредување на лице со несоодветно образование не се потврдуваат и нема елементи за натамошно постапување.

Следствено, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик - претседател**

**м-р Билјана Каракашова Шулев**

Изработил: А.Р.М., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: м-р Б.К.Ш., член на ДКСК